До

НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ ПРИ

Универзитетот „Гоце Делчев“

Ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А, 2000 Штип

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев“
ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА
ШТИП

| Примено: 15.02.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 2405 | 44/1 | | |

ПРЕДМЕТ: **ПРИГОВОР** на Референтот објавен во Билтенот број 162 од февруари 2016 година

Од М-р Ангел Коруновски, дипломиран скулптор реставратор, ул. „Љубљанска“ бр 10, 1400 Велес. преку полномошник Адвокат Тодор Тодоров од Велес

Наведеното решение во извештајот го побивам во целост, заради направени пропусти во оценувањето на делата и активностите. Заради тоа го поднесувам следниот:

**П Р И Г О В О Р**

Согласно член 61 став 1 од Универзитетскиот гласник бр. 33 од 2015 доставувам приговор по Референтот на Наставно Научниот Совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип објавен во Билтенот број 162 од февруари 2016 година на веб страницата на универзитетот (www.ugd.edu.mk.) и Извештајот од Рецензентската комисија.

Во дневните весници Нова Македонија и Коха на 21.12.2015 година беше објевен Конкурс за избор на наставници во единиците во состав на Универзитетот. Во конкурсот за Ликовната Академија се бара наставник во насловно звање Доцент за наставно – научната област: Вајање и вајарски техники – (1 извршител) за време од пет години

Рецензентската комисија која одлучувала по конкурсот за избор ги разгледала материјалите и доставила Извештај до Наставно- научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Согласно извештајот, очигледен е фактот дека комисијата направила пропусти во смисла на тоа што не е земена во предвид и разгледувана мојата целокупно приложена документација.

Во извештајот за моите биографските податоци, изоставен е голем дел од мојот творечки опус.

Во табелата на активности кои се бодираат при избор во звање на кандидат очигледно е дека се изоставени голем број на активности како и моите најзначајни дела кои се изработени пред 2010 година со што сум ставен во непоповолна положба при изборот. Покрај тоа се изоставени за овој период и учествата на повеќе групни изложби и ликовни колонии и симпозиуми. Пропуштено е бодирањето на бисти и ликовни колонии.

**Образложение:**

Според Универзитетскиот Гласник ( Година VIII, бр. 33, јуни 2015 г.) член 42 став 2: Рецензентската комисија во референтот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на целокупната поднесена документација која е од важност за изборот. Според член 8 став 1 од истиот гласник: Единствени критериуми и елементи за вреднување или доделување на поени

(квантификација) за активностите на лицата, од почетокот на кариерата до денот на пријавата, кои ќе се избираат во звања се следниве активности: наставно образовни (НО), Научно истражувачки (НИ), стручно – уметнички (СУ), Стручно – апликативни и организациско – развојни (СА + ОР).

Во референтот од Билтенот број 162 од февруари 2016 година Рецензентската комисија не постапила по горе наведените членови и ги отфрлила моите нај значајни дела и активности кои се направени од почетокот на мојата кариера до денот на пријавувањето.

Врз основа на погоре изнесеното, предлагам да се уважи мојот приговор, да се поништи решението и да се овозможи ново оценување.

За Подносител на приговорот

Мр. Ангел Коруновски,

дипл. Скулптор реставратор

адвокат Тодор Тодоров од Велес